Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Климатски промени и просторно планирање

Вклучување на климатските промени во процесот на создавање просторни планови од национално до локално ниво

ВОВЕД

Просторното и урбанистичко планирање е сложен, мултискаларен процес, којшто вклучува повеќе закони. Планот од највисоко ниво е Националниот просторен план, проследен со регионални просторни планови. Двете нивоа се регулирани со Законот за просторно планирање. Генералните урбанистички планови, деталните урбанистички планови и урбанистичките планови за градските четврти се планови од пониско ниво, регулирани со Законот за урбанистичко планирање. Теоретски, ова значи дека плановите на повисоко ниво имаат правен приоритет во однос на плановите на пониско ниво, но тоа обично не е случај во практиката.

Од 2019 година има обид да се разгледаат еколошките предизвици во процесот на планирањето преку законски измени, нови просторни методологии и зголемена јавна свест и вклученост. Сепак, овие измени во голема мерка се отфрлаат од законодавците и од локалните самоуправи, кои сметаат дека заштитата на животната средина ќе дојде на штета на намалениот профит.
Постојат неколку важни прашања со кои се соочува секторот:

Клучно прашање #1

Потребно е да се воведат барања за зајакнување на координацијата помеѓу плановите на повисоко и плановите на пониско ниво.

Координацијата помеѓу плановите е предизвик што се отежнува со временската рамка за адаптирање на различни планови. На пример, деталните урбанистички планови се развиваат пред да се донесе соодветниот генерален урбанистички план, што е погрешно итн. Недостигот од координација ја влошува лошата комуникација помеѓу институциите, а со тоа и помеѓу плановите. Во моментов, во фаза на развој е новиот Закон за просторно планирање, како закон за план од највисоко ниво, којшто дава можност да се направат измени со цел подобро да се вклучат и да се надминат недостатоците и на Законот за урбанистичко планирање.

Препораки

- **Координација на адаптацијата на планот по хиерархиски редослед затоа што плановите на повисоко ниво развиваат поголема просторна слика, но плановите на пониско ниво се нивниот модус операнди.**
- **Подобрување на Законот за урбанистичко планирање преку измени и дополнувања за да се интегрираат размислувањата за климатските промени.**

Сликата на корицата е обезбедена од marh.mk

Клучно прашање #2

Има потреба да се вклучат климатските промени во просторното планирање (планирање на национално и на регионално ниво).

Во моментов, недостасува интеграција на методологијата за климатски промени во методологијата за просторно планирање. Националниот просторен план и просторни планови за специфични македонски региони се документи каде што размислувањата за климатските промени и нивното интегрирање може да бидат највидливи. УНДП во Северна Македонија, во координација со Министерството за животна средина и просторно планирање, развиа нова методологија за интеграција на климатските промени во новиот национален просторен план. Новиот закон за просторно планирање може да ја наложи методологијата за климатски промени како дел од општата методологија за планирање на просторот.

Покрај тоа, во тек е развој на нов закон за климатско дејствување, којшто дава можност да се вклучи законот за просторно планирање за да се заштити животната средина и да се надминат процесите за разгледување и интеграција на климатските промени во сите планови. Новиот закон може да наложи законот за просторно планирање да вклучува методологија за разгледување на климатските промени како составен дел од процесот на планирањето, а потоа и при донесувањето на политики и одлуки.

Препораки

- **Подобрување на Законот за просторно планирање, којшто ќе наложи вклучување на климатските промени во плановите од пониско ниво.**
- **МЖСПП во соработка со Агенцијата за просторно планирање да работи врз интеграција на методологијата за климатски промени во општата методологија за планирање. Агенцијата за просторно планирање е единственото правно лице кое има право да ја изработи методологијата и потоа да го развие просторниот план на земјата.**

Клучно прашање #3

Има потреба да се вклучат климатските промени во урбанистичкото планирање (генерални и детални урбанистички планови) и да се спроведе заштита на животната средина преку обврзувачки препораки.

Во моментов, националниот и регионалните просторни планови немаат правна предност пред плановите на пониско ниво: плановите на повисоко ниво даваат предлози и препораки, но тие можат да бидат игнорирани од законодавците, урбанистите и другите одговорни институции. Трагедијата во 2016 година во Стајковци, каде што беше дозволен урбан развој на подрачје кое е склоно кон поплави, резултираше со големи материјални загуби и неколку жртви поради давење. Упатството во плановите на повисоко ниво не треба да се донесува само во форма на препораки, туку како законски мандати, прописи и забрани.

Новиот Закон за урбанистичко планирање, усвоен во првата половина на 2020 година, ја легитимира потребата од климатско дејствување и ублажување на климатските промени. Законот, сепак, не е многу специфичен и токму затоа, Законот за просторно планирање и Законот за климатско дејствување треба да го надополнат и збогатат Законот за урбанистичко планирање.

Препораки

- **Новиот Закон за просторно планирање треба да дозволи плановите од повисоко ниво да наметнуваат законски акти во форма на законски мандати, регулативи и забрани за плановите на пониско ниво.**
- **Новиот Закон за климатско дејствување мора да ги обврзува плановите од пониско ниво да дејствуваат во согласност со одлуките во плановите на повисоко ниво и да развијат шема за санкции и казни при нивно непочитување.**

Овој документ е подготвен во рамки на проектот „Зајакнување на институционалните и технички капацитети за подобрување на транспарентноста за климатски промени во рамките на Договорот од Париз“, кој се спроведува со финансиска и техничка поддршка на ГЕФ и УНДП.